# А.Д.ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

Врз основа на Општите услови за издавање на деловен простор под закуп на Градски Трговски Центар Акционерско друштво за издавање на деловен простор под закуп – Скопје, Друштвото објавува

**О Г Л А С бр. 2/2026**
**за издавање на деловен простор под закуп во Градски Трговски Центар – Скопје**
**по пат на офертална лицитација**

| **Реден број** | **Деловна единица** | **Местоположба** | **Секција** | **Површина во м2** | **Почетен износ на закупнина во евро/1м2 без ДДВ** | **Намена** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0007 | Подрум | | 188.00 | 1,96 | Магацински простор |
| 2 | 0178 | Подрум | | 69.00 | 2,47 | Магацински простор |
| 3 | 0079 | Подрум | | 182.00 | 1,96 | Магацински простор |
| 4 | 0572 | Подрум | | 15.00 | 3,06 | Магацински простор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | 0454 | Подрум | | 93.00 | 2,47 | Магацински простор |
| 6 | 0300 | Подрум | | 1,256.00 | 2,62 | Продажен- административен простор |
| 7 | 071 | Подрум | | 115.00 | 4,70 | Продажен простор |
| 8 | 051 | Подрум | | 54.00 | 5,25 | Продажен простор |
| 9 | 0474 | Подрум | | 110.00 | 4,70 | Продажен простор |
| 10 | 0374 | Приземје | А4 | 45.00 | 5,17 | Продажен простор |
| | 0542 | Галерија | | 25.00 | 2,58 | |
| | 0543 | Подрум | | 87.00 | 1,48 | |
| 11 | 0524 | Приземје | 04 | 17.00 | 10,29 | Продажен простор |
| 12 | 0525 | Приземје | 04 | 11.00 | 10,29 | Продажен простор |
| 13 | 0527 | Приземје | 04 | 14.00 | 10,29 | Продажен простор |
| 14 | 0376 | Први кат | 02 | 17.00 | 8,47 | Продажен простор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | 0131 | Први кат | 06A | 134.00 | 4,42 | Продажен- административен простор |
| 16 | 0483 | Први кат | 06 | 54.00 | 8,26 | Продажен простор |
| 17 | 0391 | Први кат | А1 Киоск | 13.14 | 8,47 | Продажен простор |
| 18 | 0350 | Први кат | А1 Киоск | 11.41 | 8,47 | Продажен простор |
| 19 | 0348 | Први кат | А1 Киоск | 11.41 | 8,47 | Продажен простор |
| 20 | 0280 | Втори кат | 02 | 15.00 | 5,90 | Продажен- административен простор |
| 21 | 0114 | Втори кат | 02 | 60.00 | 4,56 | Продажен простор |
| 22 | 081 | Втори кат | 04 | 775.00 | 4,06 | Продажен простор |
| 23 | 0139 | Втори кат | 06 | 19.00 | 5,53 | Продажен простор |
| 24 | 0062 | Втори кат | 06 | 19.00 | 6,50 | Продажен простор |

**Горенаведениот деловен простор се објавува по вторпат, а почетната цена е намалена за 15%.**

Деловниот простор се издава под закуп на правни или физички лица за период на неопределено време или на определено време до 10 години.
На лицитацијата можат да учествуваат само лица кои предходно положиле **гаранција или депозит** во висина на **едномесечна закупнина со ДДВ** за просторот за кој лицитираат. Уплатата на средствата на име гаранција или депозит се врши во денари сметано по средниот курс на НБРМ за 1/ЕУР на денот на уплатата. Средствата на име гаранција се положуваат со уплата на жиро сметка на ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР А.Д. Скопје 270000001014410 – Депонент Халк Банка А.Д. Скопје со дознака дека уплатата е на име гаранција за учество на лицитација со наведување на редниот број на деловниот простор од Огласот.
**Депонираниот износ на избраниот понудувач се задржува кај закуподавачот до моментот додека трае закупот и од истиот износ закуподавачот има право да наплати неплатена закупнина или комуналии и останати обврски**.

Закупнината се плаќа по приемот на фактура со дадена валута. Закупнината се изразува во ЕВРА, а се плаќа во денарска противвредност по среден курс на НБ на РМ утврден на денот на фактурирање.
Во износот на закупнината не влегува износот на средствата за тековните комунални услуги (електрична енергија, вода, греење, ладење и др.)

Приоритет за најповолна понуда се одредува врз основа на:

- **Највисока понудена цена на месечна закупнина за 1 м$^2$ деловен простор;**
- **понудено решение за обавување на дејност (доколку понуденото решение за обавување на дејноста во деловниот простор повеќе одговара на потребите и е од интерес за севкупното функционирање во делот во кој е лоциран деловниот простор во објектот Градски Трговски Центар);**

1. Заинтересираните лица по Огласот доставуваат затворена писмена понуда во еден оригинален примерок затворен и потпишан од одговорното лице на понудувачот.
2. Понудите се доставуваат **во рок од 8 дена** сметано од првиот нареден ден на објавувањето на Огласот, препорачано по пошта или со доставување во архивата на Друштвото.
3. Понудите се доставуваат во запечатен плик. На предната страна на пликот во горниот лев агол да се назначи **"не отварај", бројот на оферталната лицитација** како и **редниот број** под кој е објавен деловниот простор. Во средината на пликот да биде назначена адресата на закуподавачот

**ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР А.Д. Скопје**
**Кеј 13 Ноември, кула 2/4 Скопје**

На пликот да нема ознаки за идентификација на понудувачот.

4. Понудата треба да содржи:

- Име, презиме и адреса на физичкото лице или назив на фирма, седиште на фирмата, жиро сметка, банка депонент и единствен даночен број;
- Доказ за идентитет (фотокопија од лична карта од физичко лице), со потпишана изјава дека е согласен личните податоци да бидат употребени од АД ГТЦ Скопје согласно Законот за заштита на лични податоци.

**За правно лице:**

- Тековна состојба од Централен регистар;
- Извештај за бонитет од Централен регистар;
- Потврда од надлежен орган дека не е отворена постапка за стечај и дека не е под ликвидација правното лице;

(горенаведените документи да не се постари од 6 месеци)

- Уплатница за депониран износ на име гаранција или депозит за учество на Огласот.
- **Точно назначување на деловната просторија и износ на понудената закупнина изразена во Евра по 1 м$^2$ без ДДВ.**
- **Ненавремените и некомплетните понуди нема да се разгледуваат.**
-

**НАПОМЕНА:**

- **Не ќе биде прифатена како најповолна понуда на понудувачот кој е закупец или бил закупец или сопственик на деловен простор во ГТЦ, а должи по било кој основ на А.Д. ГТЦ;**
- **Понудувачот кој е избран за најповолен ќе биде известен најдоцна во рок од 30 дена по завршувањето на Огласот.**

  **Најповолниот понудувач е должен во рок од 8 дена од известувањето дека е избран за најповолен понудувач да склучи Договор за закуп со закуподавачот. Договорот за закуп се солемнизира кај Нотар со клаузула за извршност. Трошоците за солемнизација паѓаат на товар на закупецот.**

  **Доколку најповолниот понудувач не се јави да склучи Договор за закуп ќе се смета дека се откажал од деловниот простор, а депонираните средства за учество на Огласот не му се враќаат.**
- **На учесниците кои не ќе бидат избрани, депонираните средства за учество на Огласот ќе им бидат вратени во рок од 5 дена по утврдувањето на најповолната понуда, без камата.**

Подетални информации за деловниот простор може да се добијат во Одделението за комерцијални работи при ГТЦ Скопје – Кеј 13 Ноември, кула 2/5, тел. 070/352913.

**ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР А.Д. Скопје**

**објавен во Слободен печат на 27.05.2026**